# ЕДНА ВИЗИЈА ЗА ЗАБРЗАН РАСТ

MACEDONIA 2025
Helping Build a Stronger Nation

Во 2020 година, Македонија2025 ја претстави „Платформата за просперитет“, визионерски документ во кој се наведени седум критични области клучни за одржлив раст и просперитет на Македонија:

- образование
- иновации (истражување и развој)
- инвестиции
- деловно опкружување
- демократска слобода
- борба против корупцијата
- грижа за животната средина

Платформата претставува продолжение на активностите и програмите на Македонија2025 насочени кон градење на посилна нација и посилно, модерно и развиено општество. Истата има за цел усогласување на интересите на сите актери во општеството и економијата кон клучни приоритети кои ќе овозможат висок економски раст и подобрување на животниот стандард.

Преку мерките кои ги имплементира во Македонија во областа на човечки капитал и поддршка на бизниси, предлози за економски и образовни реформи, основањето на Центарот за дигитална трансформација „GoDigital“, Македонија2025 дава активен придонес кон просперитетот на Македонија.

Ние во Македонија2025 повикуваме на едногласен консензус за „Платформата за просперитет“, односно сите да споделиме **Една визија за забрзан раст**.
Фундаментите на оваа визија се:

- Нулта толеранција за корупција преку транспарентност, систем базиран на заслуги и лична одговорност.
- Континуиран раст на БДП над 5% годишно преку зголемени инвестиции во образованието, деловни и регулаторни реформи, поддршка на извозот и намалување на сивата економија.
- Квалитетна и ефикасна јавна администрација и пристапување во ЕУ.

Македонија2025 ќе ја активира целата своја мрежа и ресурси за да ги поддржи овие принципи кои се фундаментални за забрзан раст. Македонија2025 активно ќе се ангажира и ќе работи рамо до рамо со сите што ја споделуваат визијата за раст и просперитет. Да изградиме силна нација – сега и во годините што доаѓаат!

Покрај тоа, Македонија2025 подготви и План на реформи и мерки кои ќе доведат до забрзување на економскиот раст и подобрување на квалитетот на живот во Македонија, под претпоставка дека горенаведените фундаменти се почитуваат.

MACEDONIA 2025
Helping Build a Stronger Nation

st. 8ma Udarna Brigada 20A
office@macedonia2025.com
+38923161015
@macedonia2025

## ПЛАН НА РЕФОРМИ И МЕРКИ ЗА ЗАБРЗАН ЕКОНОМСКИ РАСТ

Планот е фокусиран на три области односно сеопфатна, дигитализација зајакнување на конкурентноста, и искористување на потенцијалот на дијаспората.

Овој план не е ветување, ниту целосно сеопфатен план, но веруваме дека е стратешки патоказ за катализирање на економскиот раст на Македонија. Ние сме подготвени да одиграме конструктивна улога во спроведувањето на овој план на реформи и мерки, во својство на партнер, лидер, учесник итн.

## ОБЛАСТ 1 – ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

### 1.1: СЕОПФАТНА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ВЛАДИНИТЕ ПРОЦЕСИ И УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ (УСЛУГИ НА Е-ВЛАДА)

Дигитална, инклузивна и достапна влада и владини услуги значително го подобруваат квалитетот на животот на граѓаните и обезбедуваат ефикасност во обезбедувањето на владините услуги. Целта на сеопфатниот проект за дигитализација е ре-инженеринг и дигитализирање на процесите во јавната администрација и воведување на целосно дигитализирана интеракција на граѓаните со државата (онлајн едношалтерски систем за граѓаните).

### 1.2: ЗАБРЗАНА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ВЛАДИНИТЕ УСЛУГИ ЗА БИЗНИСИТЕ

Македонските компании се уште трошат многу време на административни работи поврзани со обезбедување на одредени владини услуги, дозволи, лиценци итн. Ова ја намалува конкурентноста на компаниите, како и нивната флексибилност да се приспособат на промените.

Оваа мерка/програма е насочена кон систематски и континуиран процес на трансформација на аналогните владини услуги во дигитални, врз основа на приоритет план утврден од бизнис асоцијациите.

### 1.3: ДИГИТАЛНИ ОПШТИНИ

Дигитализираните општини можат значително да го подобрат квалитетот на животот на граѓаните во Македонија. Покрај тоа, дигитализацијата може да ја намали корупцијата и коруптивните практики на општинско ниво. Оттука, предлагаме целосна дигитална трансформација на општините во Македонија, почнувајќи со пилот фаза која ќе опфати дигитализација на четири општини.

Дигиталната трансформација треба да ги опфати сите сегменти на работењето на општините, контакти со граѓани, внатрешни процедури и размена на податоци со централната власт.

### 1.4: ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА (ММСП)

Во просек, само една третина од претпријатијата во Македонија се дигитално зрели, со голем јаз помеѓу малите и големите компании. Македонските претпријатија во голема мера заостануваат во дигитализацијата во однос на ЕУ и нивните регионални врсници.

Оттука, неопходни се мерки со кои ќе се поттикне и помогне дигиталната трансформација на ММСП. Македонија2025 веќе основаше Центар за дигитална трансформација кој ја има токму оваа улога. Со наши инвестиции и знаење и во соработка со партнери ја започнуваме имплементацијата на оваа програма во март 2024 година.

## ОБЛАСТ 2 – ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКИТЕ БИЗНИСИ

### 2.1: РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЛОВНАТА РЕГУЛАТИВА И НАМАЛУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ ТОВАР

Непотребните административни барања се голем товар за компаниите (и во однос на времето и трошоците за водење бизнис) и ја поткопуваат конкурентноста на компаниите. Приоритет на владата треба да биде воспоставување и негување на поволна средина погодна за раст на компаниите, вклучувајќи квалитет на институциите, леснотија на водење бизнис, дигитализација на услуги и тн.
Владата треба да спроведе програма за рационализација на регулативата и укинување на непотребната регулатива. Процесот ќе биде воден од инпутите и барањата на деловните асоцијации и претставниците на индустријата.

### 2.2: ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ

Додека извозната стратегија поддржана од СДИ донесе одредени придобивки, недостатокот на диверзификација ги ослабува извозните перформанси на земјата. Само 5% од вкупниот број компании се извозно ориентирани, а првите 150 извозници придонесуваат со 85% од вкупниот извоз на земјата.

За да поттикне одржлив раст на извозот, Македонија треба да спроведе реформи во трговската политика, како: рационализирање и дигитализирање на граничните процедури; намалување на непотребните трговски трошоци со главните трговски партнери; решавање на преостанатите празнини во транспортната инфраструктура; креирање програми за поддршка на извозно ориентирани компании и развој на глобални брендови.

### 2.3: ПОЛИТИКА ЗА СДИ - НОВ ПРИСТАП И ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВЕН СИСТЕМ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ СДИ

Стратегијата на владата за користење даночни/фискални стимулации за поттикнување на извозот и привлекување СДИ треба да се редизајнира за да се подобри нејзината ефикасност, да се стимулира создавањето на повеќе работни места и да се поттикнат врските со локалната економија.

Владата треба да направи систематско поместување и да воведе нов пристап СДИ 2.0, преку развивање на нова сеопфатна стратегија за привлекување СДИ, која би вклучувала: воспоставување на вистински едношалтерски систем и спојување на неколку надлежни институции; професионализација на раководството на новата институција; да се развие нов сеопфатен модел и стратегија за привлекување СДИ согласно новонастанатите услови (работна сила, вештини, достапност на недвижен имот, инфраструктура); и тн.

## ОБЛАСТ 3 – ОЛЕСНУВАЊЕ И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЦЕСИТЕ ЗА ВИЗИ/РАБОТНИ ДОЗВОЛИ И ПРИВЛЕКУВАЊЕ ИСЕЛЕНИЦИ И ПОСЕТИТЕЛИ ЗА РАБОТА, ЖИВОТ И ТУРИЗАМ

### 3.1: ДОЗВОЛА ЗА ПРЕСТОЈ НА ЛИЦА СО МАКЕДОНСКО ПОТЕКЛО ДО 4-ТА ГЕНЕРАЦИЈА НАНАЗАД

Република Македонија се соочува со силни емиграциски движења, намалување на населението, како и стареење на населението. Но, нашата земја не нуди поддршка и систем за нивна реинтеграција во државата, ниту пак посебен третман за иселениците кои немаат македонско државјанство.

Предлагаме измена на Законот за странци со која странците кои имаат македонско потекло (иселеници и нивните семејства) и се во крвно сродство со предци по директна линија кои се државјани на Република Македонија, кои се декларираат како Македонци, автоматски да добиваат дозвола за привремен престој.

### 3.2: АДМИНИСТРАТИВНА ВИЗА ЗА БОГАТИТЕ ЗЕМЈИ И ВОВЕДУВАЊЕ АПЛИКАЦИЈА ЗА Е-ВИЗА

Македонија генерално го применува принципот на реципроцитет во својата визна политика. Но, за да се зголеми бројот на странски туристи во земјата предлагаме олеснување на визниот процес за неколку групи земји.[1]

За сите други земји ќе се воведе електронски систем за виза (е-виза) со што ќе се намалат предизвиците за странците кои сакаат да патуваат во Македонија.

### 3.3: ВОВЕДУВАЊЕ НА ТАКАНАРЕЧЕНА „ПЕНЗИОНЕРСКА“ ВИЗА ЗА ЛИЦА СО МАКЕДОНСКО ПОТЕКЛО

За лицата со македонско потекло да се воведе таканаречена пензионерска виза. Пензионерската виза ќе им овозможи на иселениците да се вратат на своите корени, да бидат поблиску до своите роднини/пријатели и тн. Но, пензионерската виза треба да биде поврзана со создавање на сеопфатен систем на поддршка и услуги, како што се домување (индивидуално или во домови за стари лица), обезбедување услуги (на пример, здравствено осигурување и услуги за домаќинството) и така натаму. Исто така, предлагаме и давање поддршка преку ментори, од луѓе кои веќе минале низ овој процес.

### 3.4: РАЗВИВАЊЕ НА СЕОПФАТЕН СИСТЕМ ЗА ПОДДРШКА ЗА ИСЕЛЕНИЦИТЕ (ИНФОРМАЦИИ И ЛИЧНА ПОДДРШКА) ЗА ПРЕСЕЛБА/ИНВЕСТИРАЊЕ/ПЕНЗИОНИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Пристапот на иселениците до информации за можностите за инвестирање, отворање бизниси во Македонија и преселба во Македонија во која било фаза од животот е ограничен и сведен е на лични информации добиени од роднини и познаници или од медиуми кои често се неточни и субјективни.
Предлагаме воспоставување на информациски систем, преку онлајн платформа и постојана човечка/лична поддршка.

[1] На пример, лица кои се жители на земјите на ЕУ, ЕФТА, Советот за соработка на Персискиот залив, Австралија, Канада, Израел, Јапонија, Нов Зеланд и Јужна Кореја, за престој до 90 дена во период од 180 дена.